CERP

Collective bargaining and environmental responsibility – challenges and perspectives for transport and public sector

# ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА

## Спроведување на праведната

еколошка транзиција подразбира учество на работниците, развој на алатките за заштита на работите во светло на промените предизвикани од еколошката и енергетската криза: како и предлагање на промени во механизмите за заштита на работниците (и територините).

## Благодарение на европскиот CREP

проектот остварен е напредок во унапредувањето на зелениот дијалог за еколошка одговорност, со препораки и предлози за добри практики и преку размена на информации и искуства помеѓу партнерите учесници: CSIT UNIÓN PROFESIONAL од Шпанија; Универзитет во Белград во Србија; Универзитет во Тесалија UTH во Грција; Универзитет Nova во Лисабон во Португалија, УКИМ од Северна Македонија; Инсттитут за јавни работи од Полска.

## Терминот праведна транзиција

што го осмислиле синдикатите од Канада и САД во деведесетите години минатиот век, го усвоиле и го користат различни меѓународни организации, како што е Меѓународната организација на трудот (ILO, англ.) во своите „Насоки за праведна транзиција кон еколошки одржливи економии и општества за сите“ или во „Парискиот договор за климатски промени од 2015. година“, помеѓу останатото.




## Еколошката транзиција

кон поодржлив економски систем треба да биде заеднички потфат на целокупното општество во кое претпријатијата и работниците мораат заеднички да учествуваат во унапредувањето на животната средина на своите работни места, со потпирување на социјалниот дијалог и зеленото колективно преговарање како основни инструменти на социјалната правда.

## Европската унија

на различни нивоа е посветена на усогласување на конкурентноста и социјалната правда, со истакнување на потребата за еколошка транзиција која што настојува „да биде праведна за нашите граѓани“ и со акцент на тоа со социјалните партнери да мора да се разговара за тоа што може да се направи за да никој да не биде запоставен и изоставен во таа транзиција.



## За да може транзицијата

да биде праведна, со неа мора да се промовира учеството на работниците во одбрана на достоинствената и квалитетната работа, преку добри практики во колективното преговарање и/или социјалниот дијалог, што е клучна алатка со која се обезбедува трансформациите и спогодбите во поголема мера да бидат демократски, да имаат поголем легитимитет, да бидат поефикасни и потрајни и да гарантираат социјален мир.

Co-funded by the European Union

*“Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only, and do not necessarily reflect those of the European Union or European Commission. Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them.”*